# ЛИСТА НА ЗЕМЈИ СО РЕГИСТРИРАНИ АВТОХТОНИ СЛУЧАИ НА ЗИКА ВИРУСНА ИНФЕКЦИЈА ЗАКЛУЧНО СО 09.06.2016 ГОДИНА*

| *Бр.* | *Земји* | *Моментална трансмисија на Зика вирусот* |
|---|---|---|
| 1 | Американска Самоа | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 2 | Аргентина | Спорадична трансмисија |
| 3 | Аруба | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 4 | Барбадос | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 5 | Белизе | Спорадична трансмисија |
| 6 | Боливија | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 7 | Бонер | Спорадична трансмисија |
| 8 | Бразил | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 9 | Зелено'ртски Острови | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 10 | Колумбија | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 11 | Коста Рика | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 12 | Куба | Спорадична трансмисија |
| 13 | Курасао | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 14 | Доминика | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 15 | Доминиканска Република | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 16 | Еквадор | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 17 | Ел Салвадор | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 18 | Фиџи | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 19 | Француска Гвајана | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 20 | Гренада | Спорадична трансмисија |
| 21 | Гвадалупе | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 22 | Гватемала | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 23 | Гвајана | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 24 | Хаити | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 25 | Хондурас | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 26 | Индонезија | Спорадична трансмисија |
| 27 | Јамајка | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 28 | Маршалови Острови | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 29 | Мартиник | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 30 | Мексико | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 31 | Микронезија | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 32 | Никарагва | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 33 | Панама | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 34 | Папуа Нова Гвинеја | Спорадична трансмисија |
| 35 | Парагвај | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 36 | Перу | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 37 | Филипини | Спорадична трансмисија |
| 38 | Порторико | Тренд на раст и широко распространета трансмисија |
| 39 | Св. Луција | Спорадична трансмисија |

| | | |
|---|---|---|
| **40** | **Св. Мартин** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **41** | **Св. Мартин (холандски дел)** | **Спорадична трансмисија** |
| **42** | **Свети Винсент и Гренадини** | **Спорадична трансмисија** |
| **43** | **Самоа** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **44** | **Св. Вартоломеј** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **45** | **Суринам** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **46** | **Тајланд** | **Спорадична трансмисија** |
| **47** | **Тонга** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **48** | **Тринидад и Тобаго** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **49** | **Венецуела** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **50** | **Виетнам** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |
| **51** | **Девствени Острови** | **Тренд на раст и широко распространета трансмисија** |

*Извор: **ECDC, PAHO (со жолто се обележани најновите земји во кои е регистрирана болеста)**

Заклучно со 03.06.2016 година, не се регистрирани автохтони случаи и автохтона трансмисија на вирусот Зика во Европа. Сепак, во 19 земји се регистрирани 728 импортирани случаи кои неодамна патувале во погодените земји/ територии. Од вкупниот број на заболени, 41 се бремени жени. Бројот на импортирани пријавени случаи не се базира на податоци од системи за известување и надзор и затоа не може да се сметаат за реални податоци.

Десет земји пријавиле 23 случаи на локално стекната инфекција во отсуство на било кој познат вектор, веројатно преку сексуална трансмисија: Аргентина (1), Чиле (1), Франција (5), Италија (1), Нов Зеланд (1), Португалија (Мадеира) (1), Перу (1), Канада (1), САД (10) и Германија (1).

Микроцефалија и други деформации кај фетус потенцијално поврзани со Зика вирусна инфекција или конгенитална инфекција се пријавени во десет земји (Бразил, Зелено'ртски Острови, Колумбија, Француска Полинезија, Мартиник, Маршалските Острови, Панама, САД, Словенија и Шпанија). Во контекст на циркулацијата на Зика вирусот, 13 земји и територии во светот пријавиле зголемена инциденца на Guillain-Barre синдром (GBS) и/или лабораториска потврда на Зика вирусот кај случаи на GBS.

Од октомври 2015 година, заклучно со 28 мај 2016 година, Бразил пријави 7.723 сомнителни случаи на микроцефалија и други нарушувања на нервниот систем кои укажуваат на конгенитална инфекција. Од овие случаи, 1.489 се потврдени, од кои 223 се лабораториски потврдени. Овие податоци укажуваат на зголемување од 100 сомнителни случаи и 15 потврдени случаи на микроцефалија со лабораториски потврдена инфекција со вирусот Зика во споредба со претходното ажурирање на 21 мај. Од останатите случаи, 2.932 биле испитани и отфрлени бидејќи не ја исполнуваат дефиницијата на случај, а 3.257 случаи сè уште се испитуваат.

**<u>Мапа 1.</u>** ***Земји со регистрирани автохтони случаи на Зика во последните 3 месеци***




**<u>Мапа 2.</u>** ***Проценка на СЗО за можноста за зафаќање со автохтона зика инфекција***

